СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 7 јули 1967
Скопје
Број 25 Год. XXIII

Претплатата за 1967 год. изнесува 45 (4.500) дин. Овој број чини 0,80 (80) дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

232.

Врз основа на член 162 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИТЕ И ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за придонесите и даноците на граѓаните,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 13 јуни 1967 година и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 13 јуни 1967 година.

У. бр. 34/67
13 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Мито Хаџи Василев, с. р.

ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИТЕ И ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за придонесите и даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ“ бр. 5/65 и 5/67) во член 75 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Општината може да воведува самопридонес за изградба на комунални, образовни, културни, здравствени и социјални објекти за целата општина или за подрачје на повеќе месни заедници, ако објектот за кој се воведува самопридонесот е од непосреден интерес на граѓаните од тоа подрачје“.

Член 2

Член 128 се менува и гласи:

Извршителот може да отвори затворени простории и предмети и да изврши претрес во нив ако е тоа потребно за извршувањето за присилната наплата во случај кога обврзникот или полнолетен член на неговото домаќинство одбие да ги отвори.

Ако постои основано сомневање дека движни предмети што не се изземени од попис се скриени кај обврзникот или кај друго лице, извршителот ќе ги покани да ги предадат. На обврзникот што не ќе постапи според поканата може да се изврши личен претрес.

Претрес на женски лица може да изврши само полнолетно женско лице, во прв ред работник на општината, ако такви нема претресот ќе го изврши и секое друго женско лице што ќе го повика извршителот.

Дејствијата од претходните ставови можат да се преземат само врз основа на посебно решение што претходно го донесува надлежниот орган на општинското собрание и во присуство на двајца полнолетни сведоци.

Ако се постапи според претходните ставови, тоа ќе се констатира во записникот за попис.

Член 3

Член 129 се брише.

Член 4

Член 34 се брише од Законот за изменување и дополнување на Законот за придонесите и даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ“ бр. 5/67).

Член 5

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на СРМ да утврди пречистен текст на Законот за придонесите и даноците на граѓаните, како и да изврши усогласување на редоследот на членовите и изразите употребени во законот.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

233.

Врз основа на член 162 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗАПОСЛУВАЊЕТО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и финансирање на запослувањето,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седница на Републичкиот собор одржана на 13 јуни 1967 година и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 13 јуни 1967 година.

У. бр. 33/67
13 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Мито Хаџи Василев, с. р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗАПОСЛУВАЊЕТО

Член 1

Во Законот за организација и финансирање на запослувањето („Службен весник на СРМ" бр. 35/65 и 22/66) во член 4 се брише точката ѓ).

Во истиот член се додава став 2 кој гласи:

„Ако за подрачје на една општина не се исполнети условите за основање заедница, а општинското собрание не може да се спогоди со друго општинско собрание за основање на заедничка општинска заедница, општинска заедница ќе основа Собранието на Социјалистичка Република Македонија".

Член 2

Член 6 се менува и гласи:

„Собранието на општинската заедница го сочинуваат претставници на работните и други организации по еден претставник на општинскиот односно градскиот совет на синдикатите на општинскиот одбор на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ, на општинскиот комитет на Сојузот на младината на Македонија, на Конференцијата на општествената активност на жените и три претставника на општинското собрание, како и претставник на работната заедница на општинскиот завод за запослување на работници.

Ако општинската заедница е основана за повеќе општини, во собранието на општинската заедница секое општинско собрание именува еден до три свои претставника, а општествено-политичките организации од претходниот став определуваат еден до три заеднички претставника. Со спогодбата за формирање на заедницата од член 4 од Законот се определува бројот на претставниците на општинските собранија и бројот на претставниците на општествено-политичките организации од одделни општини, така што нивниот број да не биде поголем од една третина од вкупниот број членови на собранието на општинската заедница.

Работните и други организации избираат по еден претставник на секои 500 запослени, а работните организации со помалку од 500 запослени избираат заеднички претставник.

Општинското собрание што ја донело одлуката за образување на заедница определува кои работни и други организации ќе избираат заеднички претставник".

Член 3

Член 7 се менува и гласи:

„Собранието на Републичката заедница го сочинуваат по еден претставник од собранијата на општинските заедници на чие подрачје има до 15.000 запослени, а на секои други 15.000 запослени уште по еден претставник, по еден претставник од Стопанската комора на Македонија, Републичкиот совет на синдикатите за Македонија, Сојузот на младината на Македонија, Конференцијата за општествена активност на жените на Македонија и Републичката секција на Југословенското здружние за професионална ориентација и три претставника од републичките органи на управата".

Член 4

Во член 8 став 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Претставниците на работните и другите организации за собранието на општинската заедница ги избира работничкиот совет односно соодветниот орган на управувањето на тие организации.

Изборот на заедничкиот претставник на работните и другите организации се врши на заеднички состанок на претставниците на работничките совети односно соодветните органи на управување на тие организации.

Претставниците на собранијата на општинските заедници во Собранието на Републичката заедница ги избираат тие собранија од редот на своите членови. Претставниците на републичките органи на управата ги именува Извршниот совет".

Член 5

По член 8 се додава член 8а кој гласи:

„Директорот на општинскиот односно Републичкиот завод за запослување има право и должност да учествува во работата на седниците на собранието на заедницата и неговиот извршен одбор, но без право на одлучување".

Член 6

Мандатот на постојните членови на собранијата на општинските заедници и на Собранието на Републичката заедница им престанува на 30 септември 1967 година, до кога ќе се изврши избор на нови членови на собранијата на заедниците според одредбите на овој закон.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

234.

Врз основа на член 162 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

У К А З
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за води,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор, одржана на 13 јуни 1967 година и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 13 јуни 1967 година.

У. бр. 32/67
13 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Мито Хаџи Василев, с. р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДИ

Член 1

Во Законот за води („Службен весник на СРМ" бр. 28/65) член 5 се менува и гласи:

„Водостопанска основа за водните подрачја утврдени со овој закон донесува Собранието на Социјалистичка Република Македонија".

Член 2

Член 6 се менува и гласи:

„Нацртот на водостопанската основа со документацијата се става на јавен увид најмалку два месеца. За тоа се известува јавноста со оглас во „Службениот весник на СРМ". Огласот може да се даде и во дневниот печат и на огласните табли на собранијата на општината.

Нацртот на водостопанската основа се доставува на мислење на собранијата на општините, на водостопанските организации и на другите заинтересирани организации и органи.

Заинтересираните организации, органи и граѓани можат на нацртот на водостопанската основа да ставаат забелешки и предлози најдоцна петнаесет дена по истекот на рокот од став 1 на овој член.

Забелешките и предлозите што не се усвоени се прилагаат кон предлогот на водостопанска основа со мислење од предлагачот".

Член 3

Член 7 се брише.

Член 4

Во член 22 се додава став 3 кој гласи:

„Доколку собранијата на општините не се спогодат за основање на водостопанска организација во рок од два месеца од престанокот на водостопанската организација на соодветното водно подрачје, водостопанска организација основа Собранието на Социјалистичка Република Македонија".

Член 5

Во став 1 на член 25 се бришат зборовите „правилникот за височината и начинот за пресметувањето на надоместокот за користење на водостопанските објекти и постројки".

Член 6

Член 31 се менува и гласи:

„Надоместок за наводнување на земјиште плаќаат сите сопственици на земјиштето односно сите корисници на земјиштето за кои водостопанската организација обезбедила доведување на вода за наводнување според годишниот план за користење на мелиоративниот систем односно водостопанските објекти и постројки".

Член 7

Член 33 се менува и гласи:

„Водостопанската организација со посебен акт ја определува висината на надоместокот според трошоците за користење на мелиоративниот систем односно водостопанските објекти и постројки или сразмерно користа што ја имаат корисниците од тие системи односно објекти и постројки.

Трошоците за одржување и користење на објектите од претходниот став се искажуваат заедно со површините, културите, количините на вода и времето на користење на објектите во годишниот план.

Во годишниот план се искажуваат површините и културите, количините на вода и времето на користењето на системот односно објектите и постројките како и трошоците за одржување и користење на мелиоративниот систем односно објектите и постројките".

Член 8

По член 33 се додава нов член 33а, кој гласи:

„За пропишување на мерките за непосредна општествена контрола на цените за користењето на водостопанските објекти и постројки е надлежна општината.

Мерките од претходниот став општинското собрание ги пропишува по претходно мислење од заинтересираните собранија на општините, кога водното подрачје се протега на повеќе општини".

Член 9

Во член 42 наместо „1967" се става „1968".

Член 10

По член 43 се додава нов член 43а, кој гласи:

„За водните подрачја за кои не се основани водостопански организации во смисла на овој закон во рок од два месеца од неговото влегување на сила, таква организација ќе основа Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Постојните водостопански организации на подрачјата од претходниот став се должни да ја сообразат својата организација и работење со одредбите на овој закон во рок од два месеца од неговото влегување во сила.

На организацијата што не ќе постапи според претходниот став, надлежниот орган на управата на општинското собрание со решение ќе ѝ го забрани вршењето на водостопанска дејност".

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

235.

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОКРИВАЊЕ ВИШОКОТ НА РАСХОДИТЕ НАД ПРИХОДИТЕ ВО ФОНДОВИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1966 ГОДИНА

Се прогласува Законот за покривање на вишокот на расходите над приходите во фондовите на здравственото осигурување за 1966 година,

што Собранието го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 13 јуни 1967 година и на седницата на Социјално-здравствениот собор одржана на 28 јуни 1967 година.

У. бр. 35
29 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Мито Хаџи Василев, с. р.

З А К О Н
ЗА ПОКРИВАЊЕ ВИШОКОТ НА РАСХОДИТЕ НАД ПРИХОДИТЕ ВО ФОНДОВИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1966 ГОДИНА

Член 1

Согласно член 5 став 1 од Законот за покривање вишокот на расходите над приходите на фондовите на социјалното осигурување за 1966 година („Службен лист на СФРЈ" бр. 52/66 и 12/67) вишокот на расходите над приходите на фондовите за здравствено осигурување, утврден со завршните сметки за 1966 година, ќе се покрие само со средства од вонредниот придонес определен според член 84 до 87 од Основниот закон за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 24/65, 57/65, 29/66, 52/66 и 12/67).

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

236.

Врз основа на член 123 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 13 јуни 1967 година и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 13 јуни 1967 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА СРЕДСТВАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО ЗА 1966 ГОДИНА

1. Се усвојува завршната сметка на средствата на Социјалистичка Република Македонија за инвестиции во стопанството за 1966 година и тоа:

а) вкупни средства	2.273,710.037 дин.
б) непосредни расходи и употреба на средствата	2.270.768.235. „
в) непотрошени средства на 31. XII. 1966 година	2.941.802 „

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број 92
14 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Мито Хаџи Василев, с. р.

237.

Врз основа на член 129 и 129а од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 13 јуни 1967 година и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 13 јуни 1967 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОБРАЗУВАЊЕ ЗАЕДНИЧКА КОМИСИЈА НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОБОР И НА СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ИСПИТУВАЊЕ СОСТОЈБАТА И ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ЗАВОДИТЕ ЗА ЗАПОСЛУВАЊЕ И НА ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗАПОСЛУВАЊЕТО

1) За испитување на состојбата и организацијата на заводите за запослување и на заедниците за финансирање на запослувањето се образува заедничка комисија на Републичкиот собор и Стопанскиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

2) Комисијата има задача да ја испита организацијата, состојбата и работата на заводите за запослување и на заедниците за финансирање на запослувањето и на соборите да им поднесе извештај со предлог на мерки.

3) Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број 01-90/67
13 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Мито Хаџи Василев, с. р.

238.

Врз основа на член 78 став 2 и член 112 став 1 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 13 јуни 1967 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНАТА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО

1) Се разрешуваат од должноста досегашните членови на Законодавно-правната комисија избрани од редот на стручњаците во областа на правото:

Атанас Атанасовски,
Д-р Милан Нетков,
Д-р Димитар Поп-Георгиев,
Георги Тутунциев.

2) За членови на Законодавно-правната комисија од редот на стручњаците во областа на правото се избираат:

Атанас Атанасовски, судија на Врховниот суд на Македонија,

Д-р Стефан Георгиевски, доцент на Правниот факултет во Скопје,

Д-р Владимир Митков, доцент на Правниот факултет во Скопје, и

Тодор Грујоски, судија на Вишиот стопански суд во Скопје.

3) Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број 06-80
13 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Мито Хаџи Василев, с. р.

239.

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за финансирање на образованието и воспитувањето („Службен весник на СРМ" бр. 9/67), по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 13 јуни 1967 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО ОСНОВАЧКОТО СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

1) За претставници на Републиката во Основачкото собрание на Републичката заедница на образованието се именуваат:

Никола Бошале, општествено-политички работник;

Д-р Киро Пенушлиски, декан на Филозофскиот факултет во Скопје;

Трајко Георгиевски, доцент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје;

Ангел Костадинов, управник на Работничкиот универзитет во Штип;

Киро Џимревски, пратеник на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија;

Хамза Река, пратеник на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија;

Глигор Тренчевски, пратеник на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија;

Јордан Димевски, пратеник на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија;

Зора Катранциска, пратеник на Просветно-културниот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија; и

Трајко Мирчевски, општествено-политички работник.

2) Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број 01-89/67
13 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Мито Хаџи Василев, с. р.

240.

Врз основа на член 139 точка 8 во врска со член 130 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата и претходно мислење на Извршниот совет,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 13 јуни 1967 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА НА РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАР

1) Се утврдува дека на Кочо Битољану му престанала функцијата републички секретар во Извршниот совет поради тоа што е избран за пратеник на Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

2) Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број 06-78/67
13 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Мито Хаџи Василев, с. р.

241.

Врз основа на член 139 точка 10 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 17 став 4 од Законот за народната одбрана („Службен лист на СФРЈ" бр. 32/65), по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 13 јуни 1967 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1) Се разрешуваат од должноста досегашните членови на Советот за народна одбрана и тоа:

Томе Буклевски,
Кочо Битољану,
Васка Дуганова,
Радојица Ненезиќ,
Ќемал Сејфула, и
Рудолф Хриберник.

2) За членови на Советот за народна одбрана се именуваат:

Златко Биљановски, потпретседател на Собранието на СР Македонија,

Иван Гиновски, републички секретар за внатрешни работи,

Крсте Марковски, претседател на Републичкиот собор на Собранието на СРМ,

Ќамуран Тахири, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ,

Командантот на Скопската воена област, и

Командантот на Скопското воено подрачје.

3) Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 01-88/67
13 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Мито Хаџи Василев, с. р.

242.

Врз основа на Уставниот амандман Ш, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата и по претходно мислење на Извршниот совет,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 13 јуни 1967 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ

1) Се разрешува од должноста Панта Илиев, досегашен републички јавен обвинител.

2) За републички јавен обвинител се именува Боро Доганциски, досегашен претседател на Вишиот стопански суд во Скопје.

3) Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број 06-81/67
13 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Мито Хаџи Василев, с. р.

243.

Врз основа на член 139 точка 8 и член 183 став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, во врска со Амандманот П на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 13 јуни 1967 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИ

1) Се разрешуваат од должноста:

Боро Миљовски, републички секретар за информации и

Фана Тозија, републички секретар во Извршниот совет.

2) Оваа одлука влегува во сила на 1 јули 1967 година.

СОБРАНИЕ НА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број 06-77
13 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Мито Хаџи Василев, с. р.

244.

Врз основа на член 139 точка 10 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 94 став 4 од Законот за народната одбрана („Службен лист на СФРЈ" бр. 32/65), по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 13 јуни 1967 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ШТАБ ЗА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА

1) Се разрешуваат од должноста:

Ќемал Сејфула, досегашен командант на Републичкиот штаб;

Досегашните членови на Републичкиот штаб:
Златко Биљановски,
Кочо Битољану,
Мито Мицајков,
Ванчо Николовски и
Гога Николовски.

2) Во Републичкиот штаб за цивилна заштита се именуваат:

За командант Ќаумран Тахир, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ;

За членови:

Никола Бакулевски, секретар на Извршниот совет,

Душко Шурбановски, претседател на Одборот за јавна и државна безбедност на Републичкиот штаб,

Васил Туџаров, потпретседател на Републичката конференција на ССРНМ,

Феми Муча, потсекретар во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи,

Д-р Ѓуро Панов, помошник секретар во Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика,

Инж. Ѓорѓи Влашки, помошник секретар во Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство,

Сандре Груевски, помошник секретар во Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија, и

Инж. Владо Ќосев, помошник секретар во Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија.

3) Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 01-87/67
13 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Мито Хаџи Василев, с. р.

245.

Врз основа на член 129г од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 13 јуни 1967 година и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 13 јуни 1967 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЗАЕДНИЧКАТА КОМИСИЈА НА РЕПУБЛИЧКИОТ И СТОПАНСКИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ИСПИТУВАЊЕ СОСТОЈБАТА И ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ЗАВОДИТЕ ЗА ЗАПОСЛУВАЊЕ И ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗАПОСЛУВАЊЕТО

1) Во Заедничката комисија на Републичкиот и Стопанскиот собор за испитување состојбата и организацијата на заводите за запослување и заедниците за финансирање на запослувањето се избираат:

1. За претседател: Орде Ивановски, пратеник на Републичкиот собор на Собранието на СР Македонија;

2. ЗА ЧЛЕНОВИ:

— Михајло Керамитчиев и Миха Ризевски пратеници во Републичкиот собор на Собранието;

— Ристо Стаменов и Миха Теговски, пратеници во Стопанскиот собор на Собранието;

— Коце Ристевски и Евзи Целадини, пратеници на Социјално-здравствениот собор на Собранието;

— Бекир Жута, член на Извршниот совет;

— Вите Исијановски, републички секретар за труд;

— Блажо Камчевски, претставник на Републичкиот совет на Сојузот на синдикатите;

— Киро Миовски, претставник на ЦК на Сојузот на младината;

— Живко Трајковски, претставник на Стопанската комора на Македонија;

— Претставник на Републичката заедница за финансирање на запослувањето.

2) Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број 01-91/67
13 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Мито Хаџи Василев, с. р.

246.

Врз основа на член 134 и член 136 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на својата седница одржана на 13 јуни 1967 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПОНИШТУВАЊЕ ГЛАСАЊЕТО ВО ИЗБИРАЧКИТЕ МЕСТА БР. 13 С. КОНСКО И БР. 17 С. ТРПЕЈЦА ВО ИЗБОРНАТА ЕДИНИЦА ОХРИД I

1. Поради неправилности при спроведувањето на изборите се поништува гласањето во избирачките места бр. 13 с. Конско и бр. 17 с. Трпејца во изборната единица Охрид I.

2. Во избирачките места од претходната точка ќе се изврши повторно гласање.

3. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето.

СОБРАНИЕ НА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број 08-1215
14 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Мито Хаџи Василев, с. р

247.

Врз основа на член 22 точка 4 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

Републичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 13 јуни 1967 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ПРАТЕНИЧКИОТ МАНДАТ

1) На пратеникот Драган Лазаревски, избран за пратеник во Изборната единица Виница, му престанува пратеничкиот мандат пред истекот на времето за кое е избран со уважување на неговата оставка.

2) Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување.

СОБРАНИЕ НА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Број 01-70/67
13 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Мито Хаџи Василев, с. р.

248.

Врз основа на член 78 став 2 од Законот за самоуправување и работни односи во органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 28/65), Извршниот совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ПОЧЕТОКОТ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА

I. Работното време во републичките органи на управата почнува од 7 часот.

II. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за одредување почетокот на работното време во републичките органи на управата („Службен весник на СРМ" бр. 14/66).

III. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-1032/2
23. VI. 1967 година
Скопје

Претседател,
Никола Минчев, с. р.

249.

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за организацијата и работата на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 17/67), Извршниот совет, донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРИТЕ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Во одборите на Извршниот совет се именуваат:

1) Во Одборот за стопанство:
   а) за претседател:
   Д-р Ксенте Богоев, потпретседател на Извршниот совет;
   б) за членови:
   1. Ане Арсов, член на Извршниот совет,
   2. Бекир Жута, член на Извршниот совет,
   3. Младен Павловски, член на Извршниот совет,
   4. Душко Поповски, член на Извршниот совет,
   5. Стојан Ќосев, член на Извршниот совет,
   6. Д-р Никола Узунов, член на Извршниот совет.

2) Во Одборот за внатрешна политика и комунален систем:
   а) за претседател:
   Ќамуран Тахир, потпретседател на Извршниот совет;
   б) за членови:
   1. Ане Арсов, член на Извршниот совет,
   2. Стојан Ќосев, член на Извршниот совет.

3) Во Одборот за образование, наука и култура:
   а) за претседател
   Д-р Иван Катарџиев, член на Извршниот совет;
   б) за членови:
   1. Славка Георгиева — Андреевиќ, член на Извршниот совет.
   2. Душко Поповски, член на Извршниот совет,
   3. Д-р Никола Узунов, член на Извршниот совет.

4) Во Одборот за здравство и социјална политика:
   а) за претседател:
   Младен Павловски, член на Извршниот совет;
   б) за членови:
   1. Славка Георгиева — Андреевиќ, член на Извршниот совет,
   2. Бекир Жута, член на Извршниот совет,

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, кога престанува да важи Одлуката за именување на претседатели и членови на одборите на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 27/63). Одлуката за разрешување и именување претседатели и членови на одборите на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 3/64). Одлуката за именување член на Одборот за организационо-политички прашања на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 10/64), и Одлуката за разрешување и именување членови на одборите на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 27/64), а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-1231/1
13 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Никола Минчев, с. р.

250.

Врз основа на член 19 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 17/65), Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Во постојаните комисии на Извршниот совет се именуваат:

1. Во Административната комисија:
   а) за претседател:
   Ане Арсов, член на Извршниот совет;
   б) за членови:
   1. Бекир Жута, член на Извршниот совет,
   2. Младен Павловски, член на Извршниот совет.

2. Во Комисијата за помилување:
   а) за претседател:
   Душко Поповски, член на Извршниот совет;
   б) за членови:
   1. Бекир Жута, член на Извршниот совет,

2. Таип Таипи, републички секретар за правосудство.

3. Во Комисијата за кадровски прашања:
а) за претседател:
Ќамуран Тахир, потпретседател на Извршниот совет;
б) за членови:
1. Ане Арсов, член на Извршниот совет.
2. Д-р Иван Катарџиев, член на Извршниот совет,
3. Младен Павловски, член на Извршниот совет, и
4. Никола Бакулевски, секретар на Извршниот совет.

4. Во Комисијата за одликувања:
а) за претседател:
Ќамуран Тахир, потпретседател на Извршниот совет;
б) за членови:
1. Никола Бакулевски, секретар на Извршниот совет,
2. Началникот на Управата за персонални прашања.

II. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Одлуката за именување претседатели и членови на постојаните комисии на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 26/65).

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-1232/1
13 јуни 1967 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Никола Минчев, с. р.

251.

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за формирањето и општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ" бр. 12/67 и 23/67), во врска со член 51 т. 50 од Статутот на Стопанската комора на Македонија, Управниот одбор на Комората, на седница одржана на 27 јуни 1967 година, донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ПОСТАПКАТА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ СПОГОДБА ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ НА ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

I. УВОДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се определува постапката за склучување спогодба во Стопанската комора на Македонија (во натамошниот текст: Комора) за промена или усогласување на затечените цени на оние производи и услуги за кои со Законот за формирањето и општествената контрола на цените се предвидува дека мерките на непосредна општествена контрола ги презема Републиката или општината.

Член 2

Во Комората се склучуваат спогодби за промена или усогласување на затечените цени на следните услуги за подрачјето на СР Македонија:

1. услуги во друмскиот и езерскиот сообраќај;
2. услуги за користење на радио-дифузните емисии;
3. услуги предвидени со 36-тиот член од Законот за формирање и општествена контрола на цените, чии цени врз основа на сојузните прописи остануваат и натаму под непосредна општествена контрола на републичкиот орган на управата надлежен за цени; и
4. услуги за кои, тоа е определено со закон.

Член 3

Во Комората се склучуваат спогодби за промена или усогласување на затечените цени на производите и услугите, за подрачјето на поедини општини од СР Македонија, и тоа:

1. на основните прехранбени производи во прометот на мало;
2. занаетчиските услуги;
3. услугите на градскиот сообраќај;
4. комуналните услуги;
5. станарините и закупнините;
6. услугите на домаќинствата;
7. останатите услуги што не се ставени во надлежност на Федерацијата или Републиката; и
8. на производите и услугите предвидени со членот 36 од Законот за формирање и општествена контрола на цените, чии цени, врз основа на сојузните прописи, остануваат и натаму под непосредна општествена контрола на општинскиот орган на управата надлежна за цени.

II. ПОСТАПКА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ СПОГОДБА ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ НА УСЛУГИ И ПРОИЗВОДИ

Член 4

Иницијатива за поведување постапка за склучување спогодба за промена и усогласување на затечените цени на производи и услуги, што се под непосредна општествена контрола, можат да дадат:

1. заинтересирана работна организација;
2. деловно здружение, односно заедница на работни организации;
3. совети, односно групации на Комората.

Член 5

Предлогот за спогодба за промена на затечените цени се поднесува на соодветниот совет на Комората или групацијата на Советот.

Кон предлогот за склучување спогодба се прилагаат образложение и документација со оценка на ефектите од предложената промена на затечените цени.

Член 6

Во спогодбата за промена или усогласување на затечените цени учествуваат работните организации што вршат услуги или ставаат во промет производи, чии цени се задржани на затеченото ниво меѓусебно или заедно со работните организации — корисници на тие услуги, или купувачи на тие производи и со заинтересираните организации.

Спогодувањето може да се врши и кога во него учествуваат само претставници на сродни работни организации што вршат услуги или ставаат во промет производи чии цени се предмет на спогодувањето.

Член 7

Предлогот за промена и усогласување на затечените цени се доставува до Комората, заедно со предвидената документација, во потребен број примероци.

По приемот на предлогот, во работната единица на администрацијата на Комората што го опслужува соодветниот совет или групација, ќе биде разгледан предлогот и најнапред ќе се утврди дали е предлогот потполн, јасен и дали е снабден со потребната документација.

Доколку предлогот има недостатоци во смисла на претходниот став, во таков случај од предлагачот се бара веднаш писмено да го дополни предлогот, односно дополнително да ја достави потребната документација.

Член 8

Потполниот и комплетиран предлог со потребната документација се доставува од работната единица на администрацијата на Комората, што го опслужува соодветниот совет или групација, до сите заинтересирани работни организации во срок од 8 дена од приемот, со покана за состанок.

Во поканата се назначува местото, датумот и часот на одржувањето на состанокот, како и предметот на разгледување.

Кон поканата за состанок се приложува препису од предлогот, со потребната документација што кон предлогот ја доставил предлагачот, како и список на работните организации на кои им е доставен предлогот.

Истовремено во поканата за состанок се повикува работната организација да донесе на состанокот евентуално и друга документација со која располага, за која смета дека ќе придонесе за поуспешна реализација на спогодбата.

Член 9

Во постапката за спогодба заинтересираните работни организации ги застапуваат нивните овластени претставници, кои од име на своите организации полноважно ја потпишуваат спогодбата за промена и усогласување на затечените цени.

Претставниците на работните организации се должни при доаѓање на состанок да предадат овластување од надлежниот орган на управувањето на својата работна организација од кое што ќе се гледа дека се овластени да расправаат за предлогот и да ја потпишат спогодбата за промена на затечените цени.

Член 10

Пред започнувањето на состанокот претседателот на соодветниот совет или групацијата, односно секретарот на советот доколку не е формирана групација, утврдува дали на состанокот присуствуваат претставници на работните организации, чие производство односно потрошувачка претставува најмалку две третини од вкупното производство — потрошувачката на производите и услугите на кои се однесува спогодбата.

Ако се утврди дека на состанокот не присуствува потребен број претставници, во таков случај состанокот се одлага за еден час.

Доколку и по истек на еден час на состанокот не присуствува потребен број претставници на работните организации, состанокот се одлага за 8 дена. Ако и на повторно свиканиот состанок не присуствува потребен број претставници на работните организации, во таков случај ќе се смета дека е предлогот одбиен, што се утврдува во записникот од состанокот.

Член 11

